ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ
СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302/1164-012
04.02. 2021 год.
СКОПЈЕ

ИСОС

**Република Македонија**
**Институт на Сметководители**
**и Овластени Сметководители**

**Институт на сметководители и овластени сметководители**
*Ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат 1. лок 132/133,*
*Скопје, Република Македонија*

Врз основа на член 9, член 16 и член 28 став 1 и 2 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РСМ" бр.42/2020), член 168 став 5 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на РСМ" бр.39/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), а во врска со член 19 од Правилникот за безнедност на обработката на личните податоци („Службен весник на РСМ" бр.122/2020), Управниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на седницата одржана на 04.02.2021 година донесе:

# ПОЛИТИКА

## за колачиња („cookies") за веб страницата www.isos.com.mk

Колачињата се стандардна карактеристика на веб-страниците кои ни овозможуваат да зачуваме мало количество податоци на вашиот компјутер во врска со вашата посета на страницата. Тие се користат нашироко за да им помогнат на веб-страниците да функционираат, или да функционираат на подобар, поефикасен начин, со тоа што, на пример ќе ве препознаат вас и ќе ги запаметат информациите кои ќе ви го направат позгодно користењето на веб-страницата. Колачињата исто така ни помагаат да откриеме кои делови од страницата се корисни, а кои треба да се подобрат.

Оваа веб страна ќе ги користи колачињата исклучиво за подобрување на перформансите и статистички потреби (Google Analytics), и тоа на начин на кој вашата приватност нема да биде загрозена.

Покрај оваа Политика за колачиња важи и нашата Политика за приватност која ја дополнува оваа Политика за колачиња.

Не е задолжително да ги прифатите колачињата и согласувањето за користењето на истите може да биде отповикано во било кое време. Преку подесувањата во веб-пребарувачот може да подесите кои колачиња ќе ги задржите, а кои не сакате да ги задржите. Колачињата можете да ги контролирате и конфигурирате преку вашиот веб пребарувач. За повеќе информации околу контролирање и конфигурирање на колачињата разгледајте ги опциите на вашиот веб пребарувач или користете ја функцијата "Help (Помош)" од пребарувачот.

**Институт на сметководители и овластени сметководители**

**Претседател**

**М-р Ленче Папазовска**

во отсуство

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ИСОС
СКОПЈЕ